# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 31 и член 64 став 1 точка 22 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 3/2002, 51/2003, 85/2003, 40/2004, 61/2005 и 129/2006) и член 71 став 8 и член 72 став 3 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“бр. 67/2007), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

## ОДЛУКА
## за изменување и дополнувања на Одлуката за лимитите на изложеност

I. Во Одлуката за лимитите на изложеност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/2008), се вршат следните изменувања и дополнувања:

1. Во глава II точка 4 ставот 1 се менува и гласи:

„Изложеноста на банката кон поединечно лице, којашто произлегува од портфолиото на банкарските активности, ги вклучува сите активни билансни и вонбилансни побарувања од тоа лице што не претставуваат дел од изложеноста на банката којашто произлегува од портфолиото за тргување, утврдена согласно со точка 5 од оваа Одлука (во понатамошниот текст: изложеност на кредитен ризик)“

2. Во глава III точка 18, ставовите 2 и 3 се бришат.

3. Во глава IV, точката 23 се менува и гласи:

„23. Поединечен капитален дел на банката во нефинансиска институција не смее да надмине 15% од сопствените средства на банката.

Агрегатниот износ на капиталните делови во нефинансиски институции не смее да надмине 30% од сопствените средства на банката.

Имотот на банката во земјиште, згради, опрема и во капитални делови во нефинансиски институции не смее да надмине 60% од сопствените средства на банката.

За утврдување и следење на лимитите од ставовите 1, 2 и 3 од оваа точка, сопствените средства се утврдуваат согласно со точка 9 став 2 од оваа Одлука.“

4. Во глава V точка 29 по зборовите: „списокот на“, се додаваат зборовите: „лица со посебни права и одговорности,“.

5. Во глава VII точка 37, по алинејата 8 се додава нова алинеја 9 којашто гласи:

„- вкупен износ на имотот на банката во земјиште, згради, опрема и во капитални делови во нефинансиски институции;“

Алинејата 9 станува алинеја 10.

II. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Банките и штедилниците се должни да се усогласат со одредбите на Одлуката, за сите изложености кон првокласни банки коишто на денот на влегување во сила на оваа Одлука ги надминуваат лимитите на изложеност утврдени согласно со оваа Одлука, најдоцна до 31.03.2009 година.

**О. бр. 02-15/XIII -2/2008**
**25.12. 2008 година**
**Скопје**

**м-р Петар Гошев**
**гувернер и**
**претседател**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Македонија**